28.11.2018
РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УП1 Бр. 08 - 106/18
21.11. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17 и 172/18) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.08.2017 година, а постапувајќи по Барањето за собирање и одведување на урбани отпадни води со предлог тарифа за регулиран период 2019 – 2021 година, на ЈКП „Комуналец“ Пехчево, бр.10-408/1 од 17.09.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија под УП1 бр.08-106/18 од 20.09.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 21.11.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Комуналец“ Пехчево за регулиран период 2019-2021 година**

1. На ЈКП „Комуналец“ Пехчево се утврдува просечна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води и тоа:
   - за 2019 година во износ од 11,51 ден/m³;
   - за 2020 година во износ од 11,57 ден/m³;
   - за 2021 година во износ од 11,70 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 0,44%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 0,26%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2021 година изнесува 0,25%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
   - за 2019 година:
     - минимална просечна тарифа 11,46 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 11,56 ден/m³;
   - за 2020 година:
     - минимална просечна тарифа 11,54 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 11,60 ден/m³;
   - за 2021 година:
     - минимална просечна тарифа 11,67 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 11,72 ден/m³.